

** Александар Пандов** · После убедливо најступидната изјава на Шеќеринска околу набавката на вакцини дека ,,они можеле први да набават вакцини, ама што ќе речел народот“, втора ми е онаа на Заев дека ,, од геостратешки и идеолошки причини не набавувале од источните земји, Русија и Кина.

По избивањето на аферата ,,Чајна ваксајнс“ и обзнанувањето дека Филипче и Заев го заобиколиле легалниот пат на набавка на вакацини преку амбасада, туку оделе преку фантом фирми, станува јасно дека кај Заев воопшто немало геостратегија и идеологија, туку се работело за пари, поточно многу пари!

Имено на секого му е јасно дека во западните демократии фармацевските компании се во приватна сопственост и дека тие можат за сопствен ќар, а и добробит на ,,клиентот“, да договара каква сака цена. Отдруга страна за држави како Русија и Кина во моментов вакцините се стратешки производ, изнајден во државни лабаратории и нивната продажба оди стриктно преку нивните официјални претставништва во секоја држава, а тоа е нивната ополномоштена амбасада!

Тука се крие и ,,зајакот“ во нашиот случај. Откако двајцава криминалци сфаќаат дека со амбасадорите тешко ќе можат да прават алаш вериш, тие се свртуваат кон оние со кои ќе можат. Нема никаква ни идеологија, а уште помалку геостратегија во ова. Има само екстра профит за овие арамии.




#ЧеСиЛежите